документите, именскиот и топографскиот регистер. Во зборникот има факсимили на некои позначајни документи, а дадени се и фусноти за настаните што се спомнуваат во документите.

Редакцијата на зборникот направила мошне успешен избор на документи за овој така важен и значаен настан во светската историја. Редакцијата успеала преку разните документи по потекло и содржина да го даде карактерот на секоја прослава на годишниците. Особено е значајно што одбраните документи во зборникот даваат доволно светлина врз дејноста на КПЈ во популаризирање на успесите на советските народи и повикот на КПЈ спрема народите на Југославија за извојување слобода и изградба на социјалистичкото општество.

Спрема реченото, зборникот „Октобар у Југославији" претставува мошне значаен и солиден труд. Со него заедницата на институциите за проучување на работничкото движење и СКЈ успеја да пополни една доста голема празнина која особено се чувствуваше во наставата во сите видови училишта.

*М. Т.*

**Д. Зографски, Развитокот на капиталистичките елементи во Македонија за време на турското владеење,** Скопје, Култура 1967, стр. 568.

Во издание на скопското издавачко претпријатие Култура, излезе монографијата на Данчо Зографски — „Развитокот на капиталистичките елементи во Македонија за време на турското владеење".

Во оваа монографија, авторот, стојејќи цврсто врз позициите на марксистичката политичка економија, разгледува спектар на проблеми од поновата македонска стопанска историја. Величината на оваа монографија се огледува, пред се, во тоа што во неа, за првпат, комплексно се разгледува овој вонредно значаен период од македонската економска историја.

Монографијата содржи бројни статистички прегледи и податоци. Поделена е на осум дела, а на крајот е дадено резиме.

Во првиот дел — „Приспособувањето на турскиот феудален систем во Македонија кон потребите на поновиот стопански развиток" (17—119 стр.), авторот го разгледува процесот на разјадувањето на феудалните односи и зародувањето на капитализмот во Македонија. Најпрво, тој ја разгледува географската положба и географските и етнички граници на Македонија. Потоа се задржува на стопанската структура на Македонија во XVIII в., која се одликувала со „доминирачка улога на екстензивното земјоделство и со сточарството додека преработувачката на земјоделско-сточарските производи се одвивала на примитивен начин во рамките на домашното производство, на еснафите и во по некои малу поголеми работници" (стр. 34). Многубројните занаети во крајот на XVIII век биле ориентирани на производство, главно за задоволување на тесниот локален пазар. Занаетчиите биле организирани во аутархични сталешки корпорации — еснафи кои станале кочница за побрзиот развој. „Главните стопански гранки во Македонија кон крајот на XVIII и почетокот на XIX век ја обележуваат економската структура на Македонија како структура на претежно аграрна земја чиј развиток на производните сили беше сопиран од постојните феудални односи. Земјоделско-сточарското производство имаше далеку поголемо значење отколку другите стопански гранки, а занаетчиската и рударската продукција се одвиваше во рамките на примитивна и заостаната техника и организација". (стр. 44). Во XVIII век Македонија била вклучена во сферата на медитеранската и европската трговија. Македонските суровини, посебно памукот, волната и тутунот, биле високо котирани од европските трговски кругови. Тоа довело до голем извоз на овие суровини од Македонија, што, од една страна, допринело за стимулирање на производството на овие суровини, а од друга страна довело до побрзо ширење на стоковно-паричните односи. Активниот надворешно трговски биланс на Македонија кон крајот на XVIII век многу поволно се одразил врз развојот на македонското стопанство.

Потоа авторот пишува за панаѓурите, одржувани во повеќе места во внатрешноста на Македонија и го изнесува нивното значење за развојот на трговијата. Во основни црти го изнесува и формирањето на младата македонска селска буржоазија. Понатаму, Зографски ги изнесува промените кои настанале во аграрните односи во врска со трансформирањето на тимарско-спахискиот систем во чифлигарски систем. Во врска во тоа, тој пишува: „Трансформацијата на земјопоседите и образувањето на чифлизите како преодни стопанства со феудални, полуфеудални и капиталистички елементи и форми беа детерминирани од економските движења, од незапирливото распаѓање на феудализмот и од развитокот на стоково-паричните односи". (стр. 99). Во средината на XIX век јасно се оцртани три категории чифчии и тоа: јараџии (наполичари), кесимџии (арендаши, закупувачи) и ајлакчии (надничари, момоци). Авторот детално ги опишува сите овие категории. Зографски пишува дека аграрно-производните односи во Македонија во текот на втората половина на XIX и почетокот на XX век се одликувале со голема разновидност и сложеност. Покрај спомнатите три категории земјоделски производители, во Македонија имало и селани, ситни сопственици на земја.

Во вториот дел — „Навлегувањето на капиталистичките елементи во земјоделството на Македонија" (121—193 стр.), Зографски го изнесува продорот на капиталистичките елементи во земјоделството на Македонија кон крајот на турското владеење. Покрај трите категории чифчии, во екот на земјоделските работи по чифлизите биле ангажирани привремени сезонски наемни работници-аргати, кои биле групирани во аргатски дружини — „тајфи". Оваа појава особено била карактеристична за јужните области на Македонија, каде се обработувале некои индустриски култури. Во втората половина на XIX век се појавиле чифлиг-сајбии од редовите на македонската буржоазија. Од нив попознати биле Мирче Бомбол и браќата Хаџи-Илиови од Прилеп, браќата Скантели од Битола и др. Потоа авторот ја изнесува поседовната структура на земјите во Македонија во почетокот на XX век. Во врска со процесот на продорот на капитализмот во македонското село, Зографски пишува: „Започнатото обработување на чифличката земја со наемна работна сила и неговото ширење и преовладувањето на системот на обработувањето на чифличката земја со нејзино издавање под закуп, беа беспорни докази и резултати на постепеното навлегување на капиталистичките односи на село во Македонија" (стр. 134). Понатаму, авторот, мошне импресивно, го изнесува движењето на производството на земјоделските култури во Македонија во текот на втората половина на XIX и почетокот на XX век богато илустрирајќи го своето излагање со низа статистички табели и податоци. Најпрвин дава податоци за производството на цереалии во Македонија, потоа за производството на ориз, па за производството на индустриските култури во прв ред за тутунот, памукот и афионот. Капитализмот во земјоделството најмногу дошол до израз при обработувањето на индустриските култури. Зографски ги разгледува и размерите на лозарството, свиларството, овоштарството и градинарството. Авторот понатаму ги разгледува сточарството и риболовот. Зографски пишува и за количеството на обработената земја и производната техника во Македонија на преминот од XIX во XX век.

Во третиот дел — „Зачетоци и облици на капиталистичкиот начин на производство во градското стопанство и во рударството на Македонија" (197—256 стр.) авторот, во почетокот, го разгледува процесот на разложувањето на еснафите и појавата на простата капиталистичка кооперација, како и појавата на мануфактури во Македонија. Посебно ги разгледува мануфактурите од кожарско-ќурчиската бранша, како и мутафчиските мануфактури — „ќерани" — и предачниците на гајтан. Ја разгледува и домашната капиталистичка работа и ги наведува карактеристиките на мануфактурите во Македонија. Во посебна глава го разгледува учеството на капиталот, посебно на странскиот капитал, во експлоатацијата на рудните блага на Македонија во крајот на XIX и почетокот на XX век Мошне сликовито ги изнесува концесиите на акционерските друштва и странските фирми за експлоатирање на македонските руди. Ја разгледува и производствената техника и работната сила во рударството.

Во четвртиот дел — „Внатрешната трговија и сообраќајот во Македонија во времето на навлегувањето на капитализмот" (259—287 стр.), Зографски пишува за растечката улога на трговскиот капитал во стоковно-паричната размена.

Го изнесува значењето на неделните пазари и годишните панаѓури за внатрешната трговија на Македонија. Посебно ги анализира серскиот и прилепскиот панаѓур. „Панаѓурите во Македонија достигнаа најголема кулминација во третата четвртина на XIX век, а подоцна некои од нив престанаа да се одржуваат или го губеа своето поранешно значење" (стр. 286).

Во петтиот дел — „Причините и последиците од модернизирањето на сообраќајот врз стопанскиот развиток и ширењето на капиталистичките елементи во Македонија" (291—350 стр.), авторот во посебни глави го разгледува влијанието од изградбата на новите патишта и на поштенско-телеграфската мрежа врз трговската размена во Македонија, потоа местото на водниот сообраќај во трговскиот промет на Македонија, како и влијанието на новоизградените железнички комуникации врз стопанскиот живот на Македонија.

Шестиот дел — „Надворешната трговија и навлегувањето на капиталистичките елементи во Македонија" (353—404 стр.) обилува со статистички прегледи, главно од австриски извори. Од мошне прегледното излагање може да се добие претстава за размерот на надворешната трговија на Македонија во дадениот период.

Во седмиот дел — „Создавањето и развитокот на кредитот и банките во Македонија во XIX и во почетокот на XX век" (407—456 стр.), Зографски го проследува процесот на модернизацијата на кредитниот систем и проникнувањето на капитализмот во Македонија. Во посебна глава ги изнесува карактеристиките на кредитирањето во Македонија пред создавањето на банкарските институции. За прва вистинска банкарска институција во Македонија Зографски ја смета филијалата на Царската отоманска банка, отворена во Солун во 1863 год. Откако го последува развојот на првите банки во Турција, авторот пишува за отворањето на банки и филијали во Македонија со учество на странскиот капитал, потоа пишува за формирањето на домашни банкарски куќи во Македонија, како и за образувањето и дејствувањето на поголемите акционерски друштва во Македонија. Пишува и за создавањето на помали домашни парични институции во Македонија во првата деценија на XX век, како и за основањето на црквени фондови и помали акционерски друштва во Македонија по Младотурската револуција.

Во последниот, осми дел — „Создавањето и развитокот на индустријата во Македонија" (459—531 стр.), авторот мошне сликовито пишува за основањето и развојот на прехранбената, текстилната, хемиската, дрвната и керамичката индустрија. Потоа ги изнесува и металните претпријатија, претпријата за тутунската индустрија, графичките претпријатија, фабриките за кожи и ѓонови, како и претпријатијата за производство на струја и гас. Во последната глава Зографски пишува за обемот на индустриските претпријатија во Македонија до крајот на турското владеење, за структурата и техничката опременост на индустриските претпријатија, како и нивното територијално разместување во Македонија до Балканската војна.

Развојот на индустријата во Македонија за време на турското владеење, спрема Зографски, се одвивал во неколку сукцесивни фази. „Првата фаза траеше од Кримската војна до последната деценија на XIX век, а втората речиси до крајот на 1903, додека третата до Младотурската револуција и четвртата фаза од Младотурската револуција до избувнувањето на Балканската војна" (стр. 522).

Потоа авторот прави рекапитулација врз база на изнесените податоци во монографијата, на бројот, лоцирањето и видовите на индустриските претпријатија во Македонија кон крајот на турското владеење. Притоа, тој констатира дека во Македонија тогаш делувале 192 индустриски претпријатија. Од нив најголем број отпаѓал на претпријатијата од прехранбената индустрија (86) и на текстилните фабрики (36). Индустриските претпријатија биле, воглавно, лоцирани во поголемите центри. Така, во Солун и околината дејствувале 85 индустриски претпријатија, во Битола 23, во Скопје 20, во Серес 8 и тн. Поаѓајќи од статистичките податоци, авторот констатира дека индустријата во Маке-

донија по својот карактер била лесна, преработувачка индустрија. Таа ги носела во себе типичните белези на империјалистичко-колонијалната политика на европскиот капитализам спрема Македонија и Турција во целост. „Особено важен момент во врска со подигањето на индустријата во Македонија беше фактот што македонската национална буржоазија и нејзиниот капитал имаше вонредно мал удел во создадената индустрија. . . .Тоа доведуваше до двојна зависност на македонското стопанство како од странските капиталисти, така и од немакедонската буржоазија во Македонија". (стр. 526—7).

На крајот авторот заклучува: „Бидејќи застарениот општествено-економски систем не беше во целост ликвидиран, а капитализмот почна во Македонија да се пробива во периодот кога се воспостави доминацијата на финансискиот капитал во светот, во последниот стадиум на капитализмот како универзален систем — во епохата на империјализмот, т. е. во времето кога светскиот капитализам ги изгуби белезите и функциите на прогресивен фактор во општествената еволуција, работните маси на Македонија така болно и сурово ги чувствуваа негативните страни на капитализмот и империјалистичко-колонијалната политика, кои оневозможуваа брз и радикален пресврт во начинот на производството поради потхранувањето на полуфеудалните остатоци и стеги во Турција. Врз грбот на масите заедно со тешкотиите од преживеаниот начин на производство се стоваруваа тешкотиите од специфичниот развиток на капитализмот во Македонија, така што одеднаш им се насобраа разни форми на експлоатација, а тие страдаа најмногу тогаш поради недоволната развиеност на капиталистичкото производство, поради бавноста, половичноста и ограниченоста на капиталистичкиот развиток" (стр. 549—550).

Монографијата на Данчо Зографски, вака презентирана, импонира по својата прегледност и концизност. Во неа, авторот го разгледува од сите аспекти стопанскиот живот и развојот на капитализмот во Македонија за време на турското владеење. Трудот претставува стојносен прилог кон нашата историографија.

*Д. Д.*

**Н. Сотировски, Еден непознат извештај за битолскиот пашалак од 1856 г.,** Годишник на Правниот факултет во Скопје, т. XI (1966).

Поради немање на една систематска збирка на дипломатски документи од сите заинтересирани странски држави за Македонија во минатото, секој еден и најситен објавен документ, па макар и во изводи или во прафрази, го збогатува нашето скудно познавање за приликите во Македонија. Во таа смисла и извадоците што ги има извлечено професорот на Правниот факултет во Скопје — Никола Сотировски, од извештајот на првиот француски конзул во Битола од 1856 г., и објавено во том XI на Годишникот на Правниот факултет, добро доаѓа да пополни една голема празнина во нашата историографија.

По кратките податоци за отворањето на првиот француски вице-конзулат во Битола во 1854 год. и по неговото кратко постоење (затворен во 1859 г.), Сотировски прави избор и соопштува, од првиот долг извештај на францускиот битолски конзул Белег де Бига, интересни сведенија за честите промени на административните граници на Битолскиот пашалак сè до 1839 г., за неговата административна поделба на три санџака, во времето кога известувал (битолски, охридски и корчански санџак), како и за бројната состојба на казите од секој санџак. Според него Битолскиот санџак бил составен од 11 кази (битолска, охридска (Sic) преспанска, леринска, прилепска, кичевска, велешка, островска, кожанска, чаршамбска и селфиџенска), охридскиот од 10 кази (охридска (Sic), ресенска, горно-дебарска, долно-дебарска, матска, тиранска, елбасанска, драчка и старовска) и корчанскиот од 8 кази (корчанска, билишка, хрупишка, костурска, опарска, колонска и ѓумска). Сотировски ја соопштува и општата бројка на населението за целиот Битолски пашалак — 1.397.646 жители, од кои 847.515 муслимани, 543.121 христијани и 7.000 Евреи